Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-436/ 4
23-11-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-436/1 од 24.08.2022 година, поднесена од Општина Неготино од Градоначалник [redacted] против ООУ "Страшо Пинџур"- Неготино, за сторена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 22.11.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** за поднесената претставка од страна на Општина Неготино, од Градоначалник [redacted] врз основа на образование сторена од ООУ "Страшо Пинџур"- Неготино, во областа на работата и работните односи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 24.08.2022 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставена е претставка од Општина Неготино, од Градоначалник [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на образование, сторена од ООУ "Страшо Пинџур"- Неготино, во областа на работата и работните односи.

Во доставената претставка подносителот наведува дека од страна на Училишниот одбор на ООУ "Страшо Пинџур"- Неготино на ден 07.04.2021 година донесен е Правилник за рангирање, критериуми за бодирање и избор на кандидати по распишан јавен оглас во ООУ "Страшо Пинџур"- Неготино под бр. 01-68/3. Согласно член 4 од Правилникот како посебен критериум бил наведен и Стручен испит, а согласно член 7 од Правилникот Стручен испит се бодира на начин што за положен стручен испит за наставник стручен соработник се додаваат 5 бодови, а за кандидатите без положен стручен испит за наставник стручен соработник се додаваат нула(0) бодови. Подносителот на претставка смета дека вака донесениот Правилник за рангирање, критериуми за бодирање и избор на кандидати по распишан оглас е спротивен на Закон за основно образование член 85 став 1 кој гласи: "Даватели на јавни услуги се вработуваат согласно со овој закон, Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, прописите од областа на вработените и јавниот сектор и општите прописи за работни односи.
Во претставката исто така, е наведено и дека, вака донесените одредби од Правилникот за рангирање, критериуми за бодирање и избор на кандидатите по распишан јавен оглас во ООУ "Страшо Пинџур"- Неготино под бр. 01-68/3 се спротивни на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта. Имено во член 3 став 1 од Законот е наведено дека Наставник во основно и средно училиште може да биде лице кое:
-има завршено најмалку четири години соодветно образование согласно нормативот за наставен кадар утврден во наставната програма и се има стекнато со најмалку 240 ЕКТС. Квалификациите со кои се стекнуваат наставниците за професија наставник во основното и средно училиште припаѓаат VI А од Македонска рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европска рамка на високообразовни квалификации;

-има положено стручен испит по истекот на приправничкиот стаж;
-е државјанин на Република Северна Македонија;
-го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведува наставата.
Во член 3 став 3 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта е наведено дека по исклучок од ставот 1 алинеја 2 на овој член, наставник во основното, односно средното училиште може да биде и лице кое нема положено стручен испит, најмногу до завршувањето на тековната учебна година и под менторство на наставник-ментор определен од училиштето. Понатаму, согласно член 10 став 3 од истиот Закон, е определено дека "Кога на јавниот оглас од став 1 на овој член ќе се јават повеќе кандидати, предност имаат наставниците, кои имаат повисок степен на соодветно високо образование и повисок успех во текот на додипломските студии."

Имајќи ги во предвид наводите и доказите кон претставката Комисијата согласно член 24 став 7 од Законот за спречување од дискриминација, на 29.08.2022 достави известување со барање за изјаснување по наводите од претставката до потенцијалниот дискриминатор.

На 12.09.2022 до Комисијата беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката од потенцијалниот дискриминатор. Во поднесокот директорот на ООУ "Страшо Пинџур"- Неготино наведуваа дека секоја институција има право да користи интерни правилници кои се донесени законски, како помошно средство за извршување на внатрешните работи на една институција. Понатаму наведуваат дека заради искуството од минатите години кога за едно работно место се јавиле повеќе кандидати кои ги исполнувале условите за работа, покажало дека одлуката да се прими еден кандидат е тешка одлука и често пати злоупотребена. Поради тие причини Училишниот одбор донел Правилникот за рангирање, критериуми за бодирање и избор на кандидатите по распишан оглас, а подоцна донеле и дополнување на истиот, кој само се користи како помошно средство за донесување на исправна Предлог одлука од страна на Училишниот одбор кој се доставува до директорот.

Заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба и утврдување на компаратор Комисијата, согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 12.09.2022 до Државен просветен инспекторат достави барање за достава на податоци од извршениот увид во врска со Правилникот за рангирање, критериуми за бодирање и избор на кандидатите. На 27.09.2022 година до Комисијата е доставен одговор од страна на Државен просветен инспекторат и во истиот известуваат дека на 06.09.2022 година е извршен вонреден инспекциски надзор во наведеното училиште при што се утврдени неправилности, а за отстранување на истите од страна на Државниот просветен инспекторат е донесено Решение 09-53 од 07.09.2022 година за отстранување на констатираните неправилности. Во прилог на одговорот е доставен и Записникот од извршениот увид како и Решението со опомена за отстранување на констатираните неправилности. Државниот просветен инспекторат во извршениот инспекциски надзор во училиштето, во Записникот бр.09-53 од 06.09.2022 ги констатира следните неправилности:
-Училишниот одбор не постапил согласно член 108 став 1 алинеја 9 и член 113 алинеја 9 од Законот за основно образование и член 3, член 6 и член 12 став 1 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, во однос на изготвувањето на предлози за кандидати за избор по објавениот оглас, ги немаат земено во предвид одредбите од Законот за основно образование и Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта,

-Директорот на училиштето не извршил правилен избор на кандидати односно согласно член 86 став 3 и член 113 алинеја 9 од Законот за основно образование и член 3 и член 12 став 1 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.

Ценејќи ги наводите од претставката, доказите кон претставката, наводите од поднесокот за произнесување по наводите од претставката и одговорот од Државен просветен инспекторат, Комисијата го утврди следното:

Дискриминаторските основи се определуваат со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

ООУ "Страшо Пинџур"- Неготино постапило спротивно на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта со донесувањето и примената на „Правилник за рангирање, критериуми за бодирање и избор на кандидати по распишан јавен оглас" број 01-68/3 од 07.04.2021 година. Видно од Записникот бр.09-53 од 06.09.2022 година за спроведен вонреден инспекциски надзор, Државниот просветен инспектор утврдил неправилности во спроведена постапка за вработување, односно дека работодавачот ООУ "Страшо Пинџур"- Неготино, спротивно на Законот за основно образование и Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта во конкретна постапка за вработување ја спровел селекцијата и изборот на кандидати за наставници во училиштето. Имено, од спроведениот инспекциски надзор е утврдено индиректно дека постапката за вработување неправилно се спровела применувајќи ги одредбите од горенаведениот Правилник, што претставува незаконско постапување на работодавачот, во конкретниот случај спроведување на јавен оглас бр. 04-231/1 од 11.08.2022 година.

Сепак, Комисијата утврди дека примената на наведениот Правилник, иако претставува незаконско постапување, не може да претставува дискриминација во смисла на член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, од причини што таквото постапување, односно нееднаков третман не е поврзан со некој од дискриминаторските основи утврдени со член 5 од истиот Закон. Со што на тој начин не се исполнуваат сите елементи на битието на дискриминацијата како што е определена со членот 6 од Законот.

Стручниот испит како услов врз основа на кој се прави разлика помеѓу кандидатите за вработување и на некој начин резултира со нееднаков третман, е поврзан со суштината на работата, односно работното место за кое се спроведува постапката за вработување, иако истиот согласно горенаведените закони не претставува услов за засновање работен однос. Но, како таков не претставува и не може да се поистовети со дискриминаторски основ во смисла на заштитена лична

карактеристика која сама по себе како услов би била ирелевантна за засновање на работниот однос, а секое исклучување или давање првенство на кандидат врз таквата основа би претставувал дискриминација.
За да бидат дискриминаторски одредбите од наведениот Правилник, истите мораат да бидат причинско-последично поврзани со дискриминаторски основ.

Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател,
Исмаил Камбери

*Доставено до:*
[redacted]
*2. ООУ "Страшо Пинџур"- Неготино, Ул. Партизанска бр. 146, Неготино*
*3. Архива*